Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011 и бр.54/2011) и врз основа на Правилникот за начинот на издавање и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.153/2009) , постапувајќи по барањето на "ХАУЗ МАЈСТОР ПЛУС"ДООЕЛ Скопје, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 07-03-2012 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА
## ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ
## НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На "ХАУЗ МАЈСТОР ПЛУС "ДООЕЛ Скопје, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавење на лиценцата од став 1 ,фирмата „ХАУЗ МАЈСТОР ПЛУС"ДООЕЛ Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009 , бр.57/2010,бр.36/2011 и бр.54/2011)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

## Образложение

„ХАУЗ МАЈСТОР ПЛУС, Скопје до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање бр.03-46/1 од 01.03.2012год. за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран економист,дипломиран шумарски инженер и едно лице со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците

Поднесеното барање со приложената потребната документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека „ХАУЗ МАЈСТОР ПЛУС"ДООЕЛ Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009,бр.57/2010,бр.36/2011 и бр.54/2011).

На ден 08.03.2012г.Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на „ХАУЗ МАЈСТОР ПЛУС"ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.03-46/2

Од 07.03.2012год.

Скопје

Претседател на

Регулаторна комисија за домување

Душко Кадиевски

-